# FOREVER

MACEDONIA

Јули 2014 | Број 153

























# БИЗНИС ПРЕДИЗВИК

## Заработете викенд и маркетинг обука!

***Квалификационен период: 1 јули – 30 септември 2014 г.***

**Бидете активни со 4 бода во трите месеци на квалификациониот период, спонзорирајте три нови дистрибутери во прва линија и помогнете им да станат Асистент Супервизори. Работете со новата група од трите дистрибутери и нивните мрежи за да ги реализираат вкупните обеми, опишани во шемата подолу. Во вкупните обеми не се вклучуваат порачките на вашиот личен код.**

Вкупен обем од најмалку 10 бода во рамките на вашата нова група.

★ **ВИКЕНД ВО ДОЈРАН**
ЗА ЕДЕН ИЛИ ДВАЈЦА*




***Уште 5 бода кон вкупниот минимален обем од вашата нова група, и заработениот викенд ќе биде за двајца.** Патувањето вклучува две ноќевања во период од 31 октомври до 2 ноември 2014 во хотел Романтик во Дојран и Маркетинг обука со Стефан Стаев-Country Manager на ФЛП Македонија и Бугарија. Во квалификацијата може да учествуваат дистрибутери кои се регистрирани не подоцна од месец јули 2014-та, бидејќи треба да имаат активност во сите три месеци на квалификацијата. За дата на регистрација се смета датата на која дистрибутерот ќе направи прва порачка и договорот ќе му биде внесен во базата на податоци на централната канцеларија во САД. **Дистрибутерите сами ја следат квалификацијата со пополнување на приложената шема. Најдоцна до 5-ти октомври, шемата со квалификација треба да биде предадена за проверка и одобрение лично во канцеларијата на ФЛП Македонија или испратена скенирана по електронска пошта.** За подетални информации и прашања се обраќате на својот спонзор или во канцеларијата на ФЛП Македонија. Наградите не можат да се добијат во форма на пари и не можат да бидат пренесени на друго лице. Конечната одлука дали сите барања коректно се исполнети се носи од ФЛП Бугарија/Македонија.

# ФОРЕВЕР
## можноста

Smile

Искрено верувам дека Форевер е најдобрата бизнис можност на светот. Често ме прашуваат по што се разликува Форевер од останатите компании и се разбира дека најочигледниот одговор е – нашето алое и останатите одлични производи! Но, има и многу други фактори кои придонесуваат Форевер Ливинг Продактс да биде одлична компанија.

Една од главните работи на кои се фокусираме во Форевер, е да бидеме најдобрите во светот во исплата на највисоките бонуси на своите дистрибутери! На Глобалното рели во Лондон со огромно задоволство ги наградивме квалификуваните во програмата Chairman's Bonus со чекови во вкупна вредност над 22 милиони долари! Иако сме горди на таа цифра, важно е да не заборавиме дека таа е само честичка од бонусите кои ги исплаќаме секоја година на нашите дистрибутери во цел свет.

Друго на што напорно работиме секоја година, е развојот на нови производи и конкретно на нови пакети – Clean 9, новите програми F.I.T., Vital 5 и En-Argi кои се одличен начин да привлечете нови луѓе во бизнисот со Форевер.

А она по што сериозно се разликува Форевер од останатите, е нашата длабока страст да ги збогатуваме животите на своите соработници во секоја смисла. Компанијата и дистрибутерите многу се гордеат со тоа



Претседател и главен генерален директор на ФЛП

што ја споделуваат можноста за бизнис со другите и им помагаат да ги исполнат своите цели, да го подобрат како своето здравје, така и здравјето на нивните блиски, а и да постигнат финансиска слобода. Колку луѓе се во состојба да кажат дека нивната „работа" ги наградува за трудот што им помагаат на колку е можно повеќе луѓе да го добијат тоа што го сакаат? Ете тоа ја прави Форевер уникатна фирма.

Ви благодарам за сè што секој од вас прави за да ја направиме Форевер најдобрата бизнис можност на светот! Заедно можеме да се издвоиме од останатите.

Засекогаш ваш,
Rex Maughan



Драги пријатели,

Минатиот месец беше богат со настани и емоции. Покрај вообичаените отворени средби за претставување на можностите, презентациите на производи и бизнис обуки, во јуни имавме и Ден на успехот во Софија, на кој ги наградивме петте дистрибутери кои ги исполнија условите на програмата Менаџер „Орел". Во септември тие ќе патуваат до прекрасното езеро Тахо во Калифорнија, како и до ранчот Саутфорк во Далас, Тексас. Освен тоа имавме чест да го пречекаме и Потпретседателот на Форевер Ливинг Продактс, одговорен за работата во Африка и дел од европските земји, меѓу кои и Бугарија и Македонија. Гари Шрив направи незаборавна обука за Менаџерите и членовите на Лидерски клуб 4 бода.

Малку потоа стотици дистрибутери од Македонија, Србија и Бугарија се собравме крај Охридското езеро во Македонија на веќе традиционалниот мотивационен семинар, чии гости беа првите Менаџери „Дијамант" на Балканот – Вероника и Стеван Ломјански, одличниот мотиватор од Србија Никола Чанак, како и многу водечки дистрибутери од овие држави. Искрено се надеваме дека емоциите кај секој од вас по сите овие настани се незаборавни и вашиот ентузијазам повторно е на потребното ниво. Бидејќи сме во бизнисот на заразниот ентузијазам, значи еден од основните предуслови за успех во следните месеци е присутен за многумина од вас. И тоа е одлично! Но... дали тоа ќе биде доволно за да можат бонусните бодови на вашите мрежи да растат и да ви донесат на вас и на вашите дистрибутери повисоки бонуси, да ви помогнат да изработувате промоции, програмата за кола, учество на Глобалното рели и титула Менаџер „Орел"? Дали само ентузијазмот ќе ви помогне да ги исполните мечтите за финансиска слобода? Да ви помогнеме да си одговорите на ова прашање.

Бонусите во Форевер Ливинг зависат од едно единствено нешто и тоа не се вика ентузијазам, нема многу заедничко и со значката која ја носите на реверот. Не е поврзано и со тоа колку ги сакате производите, компанијата и луѓето околу себе. Бонусите во Форевер зависат единствено од БОНУСНИТЕ БОДОВИ, кои ги генерирате вие и вашата мрежа. А бонусни бодови се собираат и зголемуваат само со следните ДЕЈСТВИЈА: консумација на производи, продажба на производи, спонзорирање на нови дистрибутери. ДЕЈСТВИЈА кои треба да се прават секојдневно, како од вас самите, така и од спонзорираните од вас дистрибутери, нивните дистрибутери итн.

Маркетинг планот на Форевер е прост и достапен систем за промена на животот. И тука да се потсетиме што значи СИСТЕМ. Тоа е збир од елементи со сопствени својства и меѓусебни врски кои функционираат како ЕДНО цело за постигнување на одредена цел. ЕНТУЗИЈАЗМОТ е елемент во системот на ФЛП, но основниот двигател на бизнисот е ДЕЈСТВОТО!

Мудрите луѓе велат „Десет пати мери, еднаш сечи" и многумина ја прифаќаат оваа народна мудрост буквално. Но во денешниот динамичен свет тоа тешко дека ќе ви донесе успех. Гуруто во областа на мотивацијата и ефективните бизнис обуки Марк Хансен советува:

*„Не чекај работите сами да се наредат. Тоа никогаш нема да се случи. Секогаш ќе има предизвици, пречки и лоши моменти. И што од тоа? Започни да дејствуваш. Со секој следен чекор ќе стануваш сè подобар и подобар, сè посамоуверен и сигурен во успехот."*

Бидејќи според многумина од вас основното дејство во нашата работа е зборувањето, тука сакаме да обрнеме големо внимание на една основна и често повторувана грешка. Имено – многу зборување. Да, правилно разбравте – многу зборување. Да појасниме. Прекумерното зборување на едни и исти нешта, пред едни и исти луѓе, понекогаш е основната пречка вистински да дејствувате. За да процените дали ова е проблем и лично за вас, доволно е чесно да си одговорите на следното прашање: „Имам ли напредок (растечка мрежа, зголемен обем бодови, нови изработени програми и промоции, постојано зголемувани бонуси), или само ги зборувам постојано нештата кои мене ми се допаѓаат и добро ми звучат?" И ако одговорот на првиот дел од ова прашање не е позитивен, тогаш направете го првиот чекор за промена уште денес! Уште денес спонзорирајте нов дистрибутер, уште денес споделете ги придобивките од употребата на производите на Форевер со луѓе околу вас и направете продажба. Уште денес седнете со дистрибутерите од својата мрежа и направете план за дневни и неделни презентации. Нема да биде лесно, но престанете да чекате и направете нешто уште СЕГА!

Првиот чекор е најважен. Штом го направите, енергијата за следниот ќе ви биде многу поголема. Има време и место за мислење, зборување и анализирање, но треба да бидете чесни кон себе, за да знаете и кога е моментот ДА ДЕЈСТВУВАТЕ. А тој е точно СЕГА! И секој чекор напред ќе го промени начинот на кој гледате на себе си. Но најважното ќе биде дека сте ЗАПОЧНАЛЕ и следејќи го системот на дејствие со ентузијазам, несомнено ќе го постигнете саканиот успех.

Засекогаш Ваши и...
насмевнати ☺,
Стефан и Тања Стаеви





# Уживајте во топлото лето

*Како да ја заштитите вашата кожа за таа да изгледа  посвежо во летниот период*

Што ние посакуваме од ова лето?

## Сонце!

Имате желба да ги почувствувате сончевите зраци на вашата кожа, а воедно да може да кажете „Се чувствувам здраво и добро изгледам!“ А зошто да не? Вие не сакате облачно и дождливо време, и Форевер не сака вие да се грижите како најефикасно ќе ја заштитите вашата кожа и дали таа ќе се оштети од влијанието на сончевите зраци. Зарем не бевме доволно долго без сончеви периоди? Затоа со нетрпение го очекуваме периодот кога ќе може да уживаме во времето поминато на отворено. Се разбира со потребната заштита која е неопходна кога сме директно изложени на сончева светлина. Ние сме тука за да ви покажеме како на едноставен начин можете ова лето да ја подготвите вашата кожа пред да ја изложите на сонце и како да се заштитите од прекумерното изложување на сонце.

### ЧЕКОР 1 - Уживајте со нежниот пилинг!




Првиот чекор да дојдете до блескава кожа пред да се изложите на сонце е да го отстраните првиот слој кој се лупи. Направете темелен пилинг на целото тело со Forever Aloe Scrub – нежен пилинг со алое. Овој производ ќе ви помогне во отстранувањето на нечистотијата и мртвите клетки за потоа да ја  покажете вашата поздрава и посјајна кожа. Никогаш не ја потценувајте важноста на темелното чистење. Forever Aloe Scrub – нежниот пилинг со алое е едноставно најдобар!

### ЧЕКОР 2 – Обвиткајте се себе си во Алое




Вашата кожа сега е обновена и е подготвена да го почувствува свежиот и смирувачки ефект на  алоето. pH балансираната комбинација има одлично хидратантно дејство. Освежете сè со Алое Лосион и хидратирајте го вашето лице и тело со чист стабилизиран алое вера гел во комбинација со масло од јојоба кое продира длабоко во кожата за да го одржувате сјајот на вашата кожа додека се шетате под летното сонце.

### ЧЕКОР 3 – Придадете им поголема важност и имајте неодоливи усни

Секој од нас ги мрази испуканите и исушени усни. Хидратацијата на вашите усни може да ја одржувате со неодоливиот Aloe Lips - баласам за усни со алое и јојоба. Со благотворните навлажнувачки својства на алоето и јојобата ќе ги регенерирате, а воедно и заштитите вашите усни од сонце. Уживајте во вашата неодолива насмевка.




### ЧЕКОР 4 – Редовно одржувајте и негувајте ги вашите пазуви

Откако настапи летото и сонцето е сè повеќе застапено во текот на денот, ние сè повеќе носиме летна и лесна облека без ракави па затоа е потребно да се обрне поголемо внимание на одржувањето на пазувите. Покрај тоа, за време на летните месеци кожата на пазувите може да биде навистина топла и леплива, затоа ние ви нудиме начин како тоа да го избегнете. Нанесете Aloe Ever-Shield – Сув дезодоранс со алое вера кој ќе ви даде долготрајна заштита која нема да ја иритира вашата кожа. Овој производ е чист, лесно се нанесува и не остава траги на облеката. Не содржи штетни соли на алуминиум. Aloe Ever-Shield – Сув дезодоранс со алое вера е вашата здрава алтернатива!




### ЧЕКОР 5 – за тие кои уживаат во сончањето

Во што е тајната? Она што го сакаме е доволна заштита од сончевата светлина. Тоа што не го сакаме е да не изгледаме како да не сме се сончале воопшто. Aloe Sunscreen Spray – заштитен спреј за сонце со алое и Aloe Sunscreen – Лосион за сончање  со SPF 30. Тоа се најдобрите производи, доколку сакате изглед на природно исончан тен, а притоа да бидете заштитени од штетните влијанија на УВА и УВБ зраците. Се применуваат за сончање, даваат сатенски мек изглед на кожата, водоотпорни се, ја заштитуваат кожата од штетното влијание на сончевите УВА и УВБ зраци. „НАЈЛЕСЕН НАЧИН ДА ЈА ПОДГОТВИТЕ ВАШАТА КОЖА И ДА И ДАДЕТЕ СЈАЈ И СВЕЖИНА“. Уживајте во секој ден од летото кое нѝ претстои...



# Пет победнички стратегии за успешен Форевер бизнис

**1. Најдете ги своите кандидати**

Нормално дека сакате секој да ја искористи можноста за финансиска слобода која ја предлагате, но да бидеме искрени... не секој има желба да излезе од зоната на комфор. Успешните луѓе во МЛМ се спремни да ризикуваат и да се променат. А тоа не е за секого.

Кои луѓе се најзрели за промена? Идентификувајте ги своите кандидати и насочете ги маркетинг стратегиите кон нив. Инвестирајте таму, каде има смисла.

**2. Профитабилно наоѓајте нови луѓе**

Поголемото не е секогаш поубаво, иако обично така ни се чини. Визит карти, флаери, картички и други евтини рекламни материјали можат да дадат неочекувано голем ефект. Мали се, конкретни и даваат резултат, бидејќи генерираат повисок интерес од просечниот.

Новите кандидати се од витално значење за успехот во МЛМ. Не очекувајте рекламните материјали задолжително да ви носат продажба. Остварувањето на контакти е исто така важно.

**3. Разбудете ја желбата**

Соништата на повеќето од нас се скриени длабоко и веројатно дремат со години. Нема начин како да предвидите кој ќе одговори на вашата рекламна кампања, но бидете сигурни дека само емоционален стимул ќе ја запали искрата кај новиот кандидат и ќе го натера да дејствува.

Емоционалната реклама е ефикасна, бидејќи го става човекот на ваше место и му дава можност да ги почувствува бонусите и слободата на финансискиот успех. Неколку соодветни зборови може да го натераат да ја почувствува среќата од тоа сам да си биде шеф.

**4. Повик за акција**

Најдобриот момент да ги насочите кандидатите да се ангажираат е СЕГА. Итната акција е клуч за успешна продажба или зачленување на нов соработник. Размислете што станува кога одлагаме... Не постигнуваме многу. Да, некој ден ќе го направиме, но обично тој ден не доаѓа.

**5. Следете**

Што се случува ако некој кандидат не ви го прифати предлогот веднаш? Тоа во голема мера зависи од вас. Може да го оставите да го заборави вашиот предлог. Или би можеле да го оставите каналот за врска отворен и периодично да му напоменувате дека можноста го чека.

Ако одржувате последователен контакт со кандидатите, стапката на успех ќе се зголеми за 50%. Извесно време потсетувајте за бизнис предлогот еднаш месечно, а потоа – на секои шест месеци. За шест месеци во животот на човекот може да се променат многу нешта. Не можете да предвидите што може да му се случи на вашиот кандидат и дали тоа нема да го поттикне да го смени правецот на животот. А вашата цел е да го пресретнете во најпогодниот момент, за да му помогнете да тргне по патот кон исполнување на своите соништа.



# Маркетинг обука во Охрид 28.06.2014






















FOREVER
НАЈДОБРАТА
БИЗНИС
МОЖНОСТ


VIP

HOTELI METROPOL
OHRID




HOTELI METROPOL
FOREVER


HOTELI METROPOL






# ПРОМОЦИЈА!

За купени 4 FAB производи добивате 6.




**НОВО!!!НОВО!!!НОВО!!!**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.

Трошоци за достава се следни:

- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

**Квалификации за јуни 2014**

**ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ**

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Валентина Крмова
6. Др.Марија Паспаловска
7. Др.Снежана Контра
8. Слафко Михајловски
9. Елена Патриклиска
10. Катерина Трајчевска

**ТОП 10 - Вкупен обем**

1. Др.Роза Гелевска
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Др.Снежана Контра
5. Славица Донакова
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Елена Патриклиска

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**

**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

**Квалификации за јуни 2014**

## Асистент Супервизори

1. Аврамовска Ирина – Скопје
2. Аврамовска Марија- Скопје
3. Босилковска Анѓа – Битола
4. Данилов Иле – Виница
5. Димитријевиќ Сања – Куманово
6. Ѓеоргиева Софија – Битола
7. Грујиќ Срѓан – Лесковац
8. Хавзији Ерхан и Ѓултен – Гостивар
9. Караџиќ Драгана – Кладово
10. Кнежевиќ Бранислав и Зденка – Валандово
11. Петровски Гоце и Сања – Скопје
12. Тоскоски Анета и Игор- Битола
13. Вулиќ Игор и Вулиќ Лапчева Анита – Неготино

# ПРОМОЦИЈА!!!

Секој Дистрибутер и Ас.Супервизор кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код во јули добива маица Форевер.

Секој Супервизор, Ас.Менаџер и Менаџер кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 2 бода на личен код во јули добива маица Форевер.

Напомена: **следува само по 1 маица на 1 дистрибутерски код, независно од бројот на бодови на личниот код.**

Количините се ограничени!




**Следете нѐ на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**